UDK 316.812:341.123"1996/2019"

# ПРИДОНЕСОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА (ОСВРТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА СЕМЕЈСТВОТО)

**Македонка Радуловиќ**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ
E-mail: radulovic@fzf.ukim.edu.mk

**Ирена Бундалевска Авировиќ**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ
E-mail: avirovic@fzf.ukim.edu.мк

**Ангелка Кескинова**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ,
E-mail: angelka@fzf.ukim.edu.mk

**Апстракт**
Меѓународниот ден на семејството 15 мај, е прогласен од Обединетите нации уште од 1993 година и одтогаш се прославува насекаде во светот. Овој ден дава можност за промовирање на свеста за прашања поврзани со семејствата и за зголемување на знаењето за социјалните, економските и демографските процеси кои влијаат на семејствата.

Значењето што Обединетите нации го даваат на семејството со одбележување на овој ден, покажува дека и покрај многуте трансформации на семејствата во текот на изминатите години во однос на нивната структура и функции, семејството се уште се препознава како основана единица/клетка на општеството. Интересот на оваа организација за семејството како заедница и неговата добросостојба започнува на почетокот на осумдесетите години. Во 1983 година, врз основа на препораките на Економско-социјалниот совет, Комисијата за социјален развој во својата Резолуција за улогата на семејството во процесот на развој (1983/23) побарала од Генералниот секретаријат да се подобри свеста кај носителите на одлуки и јавноста за проблемите и потребите на семејството. Така, Обединетите нации почнуваат да се фокусираат на прашањата поврзани со семејството.

Овој труд ги обработува темите под кои се одбележувал меѓународниот ден на семејствата низ годините наназад, како и прашањата кои биле актуелни во дадениот период. Истот така, целта на овој труд е да се истражи динамиката на прашањата поврзани со семејствата кои Обединетите нации ги сметаат за значајни.

***Клучни зборови:*** *Обединетите нации, Меѓународен ден на семејството, семејство, проблеми, предизвици на семејствата*

# UNITED NATIONS CONTRIBUTION TO FAMILIES (FOCUS ON FAMILY INTERNATIONAL DAY)

**Makedonka Radulovik**
Assistant Professor, Institute of Family Studies,
Faculty of Philosophy, UKIM

**Irena Bundalevska Avirovik**
Assistant Professor, Institute of Family Studies,
Faculty of Philosophy, UKIM

**Angelka Kesnikova**
Assistant Professor, Faculty of Philosophy
Ss Cyril and Methodius University
Skopje, Republic of Macedonia

**Abstract**
The International Family Day on May 15 has been proclaimed by the United Nations since 1993 and since then it has been celebrated all over the world. This day provides an opportunity to promote awareness of family issues and to increase knowledge about social, economic and demographic processes affecting families.
The importance the United Nations gives to the family by marking this day shows that despite the many transformations of families over the past years in terms of their structure and functions, the family is still recognized as a founded unit / cell of society. The interest of this organization for the family as a community and its well-being began in the early eighties. In 1983, on the basis of the recommendations of the Economic and Social Council, the Commission for Social Development, in its Resolution on the role of the family in the development process (1983/23), requested the Secretary-General to raise awareness among decision-makers and the public on the problems; the needs of the family. Thus, the United Nations is beginning to focus on family issues.
This paper reviews the topics under which the International Family Day has been celebrated over the years, as well as the issues that have been relevant in the given period. Similarly, the purpose of this paper is to explore the dynamics of issues related to families that the United Nations considers important.

***Key words:*** *United Nations, International Family Day, Family, Problems, Family Challenges*

Воведни напомени

Обединетите нации се меѓународна организција која е формирана уште во 1945 година и во моментов има 193 земји членки. Иако, првичната цел на формирањето на оваа организација била одржување на мирот, денес, Обединетите нации се занимаваат и со многу други современи прашања со кои се соочуваат општествата, меѓу кои климатските промени, одржливиот развој, човековите права, разоружувањето,

тероризмот, хуманитарните и здравствените итни случаи, родова еднаквост, демократија, грижа за децата, производство на храна и многу повеќе. Самиот систем на Обединетите нации е познат како "UN Family", затоа што постојат повеќе фондови, агенции и програми кои работат засебно, но обединето за да ги остварат целите. Такви се: UNDP (United Nations Development Programme), Развојните програми на Обеденитетите Нации работат на справување со сиромаштијата и намалување на бројот на луѓе кои што гладуваат, UNEP (United Nations Environment Programme), Програмите на Обединетите Нации за околина се посветени на паметна употреба и заштита на околината. UNFPA (United Nations Population Fund), Овој фонд се грижи за населението, наталитетот и сл. UNICEF (United Nations Children Fund), целта на овој Фонд е да се зачуваат што повеќе детски животи, децата да ги остварваат своите права и нивниот потенцијал, UNESCO (United Nations Educational Scientific Cultural Organization), едукација, заштита на културното наследство итн. WHO (World Health Organization), Светската здравствена организација се грижи што повеќе луѓе да имаат добро здравје и квалитетна здравствена грижа и многу други агенции и фондови кои работат како дел од Организацијата на Обединетите нации (https://www.un.org/en/about-un/).

Интересот на Обединетите нации за семејните прашања се интензивира на почетокот на 80-тите години кога почнува да се чувствува европската загриженост поради импликациите од промената на структурата на семејствата и улогата на жената и во семејството и во општеството. Намалувањето на стапката на наталитетот, заедно со различните обрасци на семејниот живот, влијаеле врз промената на големината и структурата на домаќинствата. Покрај доминантниот модел на домаќинства, кој го сочинуваат родителите со едно или со повеќе деца, се јавуваат и нови облици, како што се реконструираните семејства (семејства што се составени од партнерите и од децата од претходните бракови), како и еднородителските семејства (Avirovic & Radulovic, 2016). Смалена е просечната големина на домаќинството, а е забележан пораст на бројот на самечки домаќинства, како и на еднородителски семејства. Опаѓањето на стапката на склучени бракови и порастот на бројот на стапката на разводи ја измениле структурата на семејството и влијаеле на различноста на семејните модели. Во овој период, почнуваат да се изработуваат подетални извештаи за структурата на населението, наталитетот, големината на домаќинствата и на тој начин се зголемува актуелноста на прашањата и новите предизвици со кои се соочуваат семејствата.

Во текот на 1989 година, во рамките на ЕЕЗ е издадено Соопштение за политиките насочени спрема семејствата, кое било поттикнато од податоците за загрижувачките демократски трендови во земјите во Европа. Се констатира дека популацијата во ЕУ станува сè помала и сè постара. Видливи реперкусии врз старосната структура на населението во Европа имаат продолжението на траењето на животот, опаѓањето на стапката на фертилитет и намалувањето на приливот на имигранти. Големи промени се случуваат и во структурата на работноактивната популација, во економска смисла, а истовремено се зголемува општата загриженост за фискалната и за финансиската одржливост на системот на социјална сигурност. Исто така, се зголемува потребата од обезбедување јавни трасфери и услуги за децата и за старите лица, со што се врши притисок врз јавната потрошувачка (Радуловиќ, 2014).

Од друга страна, неразвиените земји се соочуваат со  неконтролиран наталитет, големи стапки на смртност на новороденчиња, смртност на деца до пет години и мајчинска смртност, не можност да се прехранат повеќедетните семејства, недостиг на

едукација итн. Сиромаштијата е еден од најголемите проблеми на земјите во развој. Семејствата со мали деца се најранливи. Имено, повеќе од 20 проценти од децата до пет годишна возраст живеат во сиромашни домаќинства (World Bank & United Nation Fund, 2016).

И во двата случаи, голема е потребата за заштита на семејството и семејните единици, како и заштита на децата на глобално ниво и тоа преку обезбедување еднаков третман на сите семејства, без оглед на нивната структура или тип на кој припаѓаат.

Така, Во 1983 година, врз основа на препораките на Економско-социјалниот совет, Комисијата за социјален развој во својата Резолуција за улогата на семејството и неговиот развој (1983/23) побарала од Генералниот секретаријат да се подигне свеста кај носителите на одлуки и воопшто во јавноста за проблемите и потребите на семејството. Целта било да се најде начин за ефективно задоволување на тие потреби.

Во Резолуцијата 1985/29 од 29 мај 1985 се промовирала идејата за стратегија за поддршка на семејствата под наслов "Семејства во процесот на развој". Целта била да се оцени состојбата и опкружувањето во која семејствата функционираат и да се развие глобална свест за значењето на семејствата. Оваа стратегија имала за цел да ги опфати меѓувладините и невладините организации и другите чинители на јавното мислење. Подоцна, биле поканети сите држави да ги објават своите ставови во врска со евентуалното прогласување на меѓународна година на семејството и да ги понудат своите коментари и предлози. По добиената согласност од страна на земјите-членки, во 1989 година, Генералното собрание ја прогласило Меѓународната година на семејството. Додека, во 1993 година било одлучено дека 15 мај секоја година треба да се почитува како Меѓународен ден на семејствата (https://www.un.org/en/events/familyday/background.shtml).

Оттогаш, овој ден, се одбележува насекаде во светот. Секоја година, Обединетите нации определуваат тема која што е одраз на актуелната состојба и која што треба да ја подигне свеста за предизвиците со кои се соочуваат семејствата во светот. Низ годините нанзад, многу теми беа дел од одбележувањето на Меѓународниот ден на семејствата, меѓу кои: Промените на семејствата, Семејствата и сиромаштијата, Рамнотежа меѓу работата и семејствата, Семејствата и стареењето, Семејствата, образованието и благосостојбата, Родовата еднаквост во современите семејства итн.

**Преглед на одбележувањето на Меѓународниот ден на семејствата 1996-2019**

1996: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година, тема на одбележувањето била: Семејствата: жртви на сиромаштија и бездомништво. На сиромаштијата се гледа како на глобален проблем со кој се соочуваат семејствата и претставува пречка за задоволување на една од најзначајните функции на семејството-економската функција. Семејствата низ целиот свет се под постојан стрес да се прехранат и да ги задоволат потребите на своите членови. Економските и политичките трансформации во многу делови од светот, болестите, војна, сиромаштија, гладта ги уништиваат семејствата. Но, тоа не е случај само во неразвиените земји и земјите во развој. Тие притисоци се очигледни и во развиените змеји, каде голем број од семејствата живеат на прагот на сиромаштијата и се соочуваат со насилство, криминал, дрога, самоубиства итн. Во Латинска Америка, Јужна Азија и во арапските држави, сиромаштијата е засилена со многу нееднаквата распределба на средствата. Во Африка, речиси две третини од луѓето немаат пристап до безбедна вода,

а помалку од половина од децата посетуваат основно училиште. Проблемот со апсолутната сиромаштија се повеќе се концентрира во Африка. Дури и во Источна и Југоисточна Азија, каде што севкупниот економски раст е брз. Половина од луѓето сè уште немаат пристап до безбедна вода и основна здравствена заштита. Повеќе од 100 милиони луѓе живеат под линијата на сиромаштија во индустриските пазарни економии. Во светот, над една милијарда луѓе живеат во апсолутна сиромаштија (General Assembly Economic and Social Council, 2018). Со промовирање на оваа тема, Обединетите нации имаат за цел да го прикажат значењето на семејствата како основни двигатели на економските процеси. И дека потребите на семејствата мора да бидат тесно поврзани со целите на економскиот и социјалниот развој, како минимален стандард на напредок. Обединетите нации апелираат до земјите- членки да ги земат предвид потребите на семејствата и глобалните промени при утврдување на политиките и приоритетите за економски и социјален развој.

1997: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година, тема на одбележувањето била: Градење на семејства врз основа на партнерство, со цел да се преиспитаат традиционалните улоги на членовите на семејството и да се зголеми родовата еднаквоста. Се смета дека нерамнотежата внатре во семејството ја нарушува функционалноста на семејството и како заедница и на сите нивоа во општеството. Се поголемата застапеност на жената на пазарот на трудот и во буџетот на семејствата, подразбира нови услови во кои семејствата функционираат. Еднаквоста и партнерството во семејството се од клучно значење за остварување на функциите на семејството. Од друга страна, бројните пречки за постигнување партнерство во семејството, особено помеѓу припадниците на двата пола, создаваат нееднаквост во другите нивоа и сфери на животот (Richardson, 1995). Обединетите нации со оваа тема потенцираат дека постојат значителни разлики во однос на вклученоста на жените и мажите во извршување на обврските во домот, нееднаквост во пристапот на образование и вработување, разлики во платите за исти работни позиции итн. Истовремено, преку промовирање на оваа тема, се апелира до земјите да работат на подигање на свеста од потребите за еднаквост и партнерски односи во домот и во општеството. Како и за отстранување на сите форми на дискриминација врз основа на пол, возраст или улога во семејството.

1998: Меѓународен дена на семејствата

Оваа година, темата на одбележувањето била: Семејствата: Едукатори и даватели на човекови права. Оваа тема има за цел да ја зголеми свеста за поврзаноста на семејствата со едукацијата на членовите за човековите права. Индустријализацијата, глобализацијата, урбанизацијата влијаат на промените кои се случуваат во структурата и начинот на кој семејствата функционираат. Во новите услови во кои семејствата функционираат има се почести случаи на разводи, вонбрачни врски и вонбрачно родени деца, семејно насилство и сето тоа ја зголемува потребата на членовите за знаењето на нивните права. Семејството, преку семејната едукација има главна улога во развојот и заштитата на неговите членови (Radulovic & Avirovic, 2018). Преку функцијата на социјализација и едукација претставува првиот извор на нашето знање за светот околу нас. Затоа, Обединетите Нации, повикуваат на препознавање на семејството како основна заедница на општеството и на потребата за заштита на сите форми семејства. Овој ден ја симболизира важност на едукацијата на сите семејства ширум светот за индивидуалните човекови права и правата за заштита на семејствата

(https://www.un.org/development/desa/family/international-day-of-families/international-day-of-families-1998.html ).

1999: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година, темата на одбележувањето била: Семејства за сите возрасти. Оваа тема била предложена во контекст на Меѓународната година на постарите лица и е важна од неколку аспекти. Прво, да им се даде значење на придонесите на постарите лица на семејствата и второ, да се истакнат меѓугенерациските димензии на семејствата во контекст на демографските стареење. Обединетите нации, преку оваа тема, повикуваат на зајакнување на системите за социјална поддршка на семејството како еден начин да се заштитат постарите лица и да се промовира нивната независност.

2000: Меѓународен ден на семејствата

Темата на одбележувањето е: Семејствата: Агенси и корисници на развој. Оваа тема, повторно има за цел да ја потенцира значајната улога на семејството во општествата. И дека од развојот на семејствата зависи развојот на општествата. Силни семејства, подразбираат и силни општества. Обединетите нации, зајакнувањето на семејството го гледаат преку јакнење на социјалната заштита и интеграција (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2000/SG2000ENG.PDF ). На земјите им се посочува да креираат социјални и економски политики кои одговараат на потребите на семејствата, да создаваат услови во кои членовите на семејствата ќе ги препознаваат нивните социјални одговорности. И да ја потенцираат потребата од почитта и соработката меѓу членовите во семејството и во општеството.

2001: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година, темата "Семејства и волонтери: градење социјална кохезија" била определена во контекст на Меѓународната година на волонтеризмот. Целта е да се подигне свеста за значењето на волонтеризмот за јакнење на социјалната кохезија. Се потенцира дека вредностите како: реципроцитет, почит, солидарност, емпатија...се вредности кои се создаваат во рамките на семејството и треба да се преточат во волонтерски активности (Smith, 1999). Овој ден треба да ги натера земјите да ги едуциираат семејствата и индивидуите за користа која би можеле да ја имаат семејствата од волонтерски активности, особено во услови на криза (војни, временски непогоди, заразни болести и сл). Исто така, да создадат платформи и услови во кои сите членови во општеството би можеле да се вклучат во волонтерски активности.

2002: Меѓународен ден на семејствата

Темата на одбележувањето е: Семејства и стареење: Можности и предизвици е тема која е многу значајна ако се земе предвид дека до 2050-тата година бројот на старо население ќе се зголеми од 600 милиони на две милјарди. Се потенцира дека старите луѓе се повеќе ја губат традиционалната семејна поддршка и се оставени сами на себе. Од друга страна, се поголемиот број на стари лица и намалениот наталитет значи недостаток на работна сила. Овие предизвици се важни за семејствата и им се порачува на земјите да создават цврсти социјални и здравствени системи кои ќе обезбедат квалитетен живот во староста. Меѓутоа, важно е да се зачува и да се развива свеста кај младите генерации за јакнаење на генерациската солидарност. Сè со цел да се избегне злоупотребата, насилството и дискриминацијата врз старите луѓе. Кофи Анан, генерален секретар на Обединетите нации, во својот говор по повод овој ден порачал дека старите луѓе се врската меѓу минатото, сегашноста и иднината и дека со нивната

мудрост и искуство треба да бидат адут на младите генерации, а не, нивно бреме (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2002/15may02.pdf) .

2003: Меѓународен ден на семејството

Оваа година ја означуваат подготовките за одбележување на десетгодишнината од Меѓународната година на семејството во 2004 година. На овој ден се потенцира дека прашањата како:промените во семејната структура, демографското стареење, миграциите, пандемијата на HIV/AIDS и глобализацијта и понатаму остануваат најзначајни кога се зборува за семејствата.

2004: Меѓународен ден на семејствата

По повод 10 години од прогласувањето на Меѓународниот ден на семејствата, темата била "Десетгодишнина од Меѓународната година на семејството: рамка за акција". По тој повод се заклучува дека имало прогрес во изминатиите десет години, и во однос на легислативата и во креирањето на политики во земјите-членки. Владите и невладиниот сектор биле фокусирани на создавање програми кои ќе обезбедат поддршка на семејствата и дека благосостојбата на семејствата станува се позначајно прашање во националните интереси. Сепак, Обединетите Нации, сметаат дека има уште многу што да се направи. Придонесот на секоја индивидуа, секое семејство и секоја влада е важно за да се одржат и поддржат семејствата и новите генерации кои доаѓаат.

2005: Меѓународен ден на семејството

Оваа година, Обединетите нации ја посветуваат на најголемата закаана по здравјето на семејствата и затоа темата за одбележување била: "ХИВ / СИДА и семејство благосостојба". Во 2003-та година околу 5 милиони нови луѓе се инфицирале од HIV вирусот. Во истата година околу три милиони умреле како последица на СИДА, а повеќе од 20 милиони луѓе умреле откако оваа болест е откриена во 1981 година (UNAIDS, 2004). Влијанието на семејствата кои се соочиле со оваа болест е застрашувачко. Зголемувањето на бројките предупредува дека земјите треба да имаат посериозен пристап за заштита на здравјето на семејствата и поддршка на семејствата кои ќе се соочат со болеста. Обединетите нации предвидуваат препораки за земјите, меѓу кои: идентитфикување на семејства чии членови се соочуваат со HIV/SIDA, поддршка на овие семејства со лекови и здравствена грижа, едукација на семејствата за справување со болеста, превенција на дискриминација и стигматизација итн.

2006: Меѓународен ден на семејствата

Темата на одбележувањето била "Промена на семејствата: предизвици и можности ". Потенцирани се промените на семејствата во однос на структурата (семејствата стануваат се помали), демографските промени (се намалува наталитетот, се зголемува трендот на миграции), зголемен број разводи, алтернативи на брачната заедница, самохрани родители. Овие трансформации се неизбежни и затоа се потребни јавни политики кои треба да одговорат на потребите на семејствата кои подразбираат основни услуги како едукација и здравство за сите граѓани без разлика од какво семејство доаѓаат (United Nations Department of Economic and Social Affairs, 2003.).

2007: Меѓународен ден на семејствата

Темата за оваа година била "Семејствата и лица со попреченост " и произлегува од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост која била усвоена во 2016 година. Според оваа Конвенција, семејствата имаат значајно место и според тоа треба да бидат заштитени од општествата и од државите. Членовите на семејствата кои имаат попреченост и нивните блиски треба да добијат посебна поддршка за да можат да бидат

активно и еднакво вклучени во општеството. Со оваа тема, Обединетите Нации им порачуваат на земјите-членки да усвојат ефективни и соодветни мерки за да им го олеснат животот на лицата со попреченост и нивните семејства.

2008: Меѓународен ден на семјствата

Темата на оваа година е: “Татковците и семејствата: одговорности и предизвици” и ја разгледува важната улога на татковците во семејството и влијанието што го имаат врз идните генерации. Оваа тема се наметнува како последица на променетите улоги на членовите во семејството во последните години. Таткото не е единствено задолжен да го прехрани семејството и да ги дисциплинира децата, туку станува рамноправен партнер во одгледувањето на децата. Динамичниот начин на живот, сè поактивната улога на жената на пазарот на труд, зголемениот број разводи и еднородителски семејства, бара од татковците да бидат вклучени во семејните обврски, во домот и со децата. На овој ден се потенцира важноста на татковската улога во животот на децата и на потребата на поголем број истражувања за влијанието на таковците врз развојот на децата. Се истакнува дека најголемиот предизвик за ова прашање е физичкото, или емоционалното отсуство на татковско влијание. Тоа може да се должи на отсуство на таткото од домот поради многу работни часови, работа во друга земја, развод или недостаток на едукација за улогата на таткото во воспитувањето на децата. Затоа, Обединетите нации ги повикуваат земјите да создат средина во која татковците ќе имаат права и можности да се вклучат во одгледувањето на децата и да создадат едукативни програми кои ќе ги оспособат таковците за таа улога (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2008/BackgroundNote2008.pdf) .

2009: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година темата се надоврзува на темата од претходната година, односно “Мајките и семејствата: предизвици во светот што се менува” и се акцентира важноста на мајките како столб на семејството и одгледувањето на децата. Обединетите нации со оваа тема ги поттикнуваат земјите-членки да се грижат за здравјето на мајкате, пристапот до образование и вработување. Да работат на намалување на мајчинската смртност, еднаков пристап при образование и вработување, отсранување на дискриминација и превенција од партнерското насилство (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2009/sgmessage09eng.pdf)

2010: Меѓународен ден на семејствата

Темата на овој ден била ”Влијанието на миграцијата врз семејствата од целиот свет”. Аспектите кои се потенцираат за оваа тема се: Трендови на меѓународната миграција и нивните ефекти врз семејствата; Предизвици со кои се соочуваат семејствата на мигранти во земјите на имиграција (на пример, адаптација кон нова средина, различен образовен систем за деца, дискриминација, ограничени можности за работа) (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2010/backgroundnote.pdf)

2011: Меѓународен ден на семјствата

Меѓународниот ден на семејствата за 2011 година е со тема: "Соочување со семејната сиромаштија и социјалната исклученост“ и се фокусира на семејствата кои се најмногу изложени на ризик од сиромаштија (семејства со самохрани родители, големи семејства, семејства кои живеат во руралните области, семејства на иселеници итн.) и предизвиците со кои тие се соочуваат. Обединетите нации ги посочуваат можните програми и стратегии за борба против сиромаштијата, особено оние кои се однесуваат на детската сиромаштија, родовата еднаквост, како и улогата на граѓанското

општетството во соочувањето и борбата со семејната сиромаштија. (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2011/OrtizPovertyFamilies.pdf)

2012: Меѓународен ден на семејствата

Во текот на изминатите децении како резултат на стеснување на домаќинствата, зголеменото учество на жените на пазарот на трудот, распространетата мобилност на населението и други промени кои се резултат на глобализацијата и индивидуализацијата, современите семејства полека ја губат традиционалната семејна мрежа која нуди поддршка на ранливите членови на семејствата. Во тој контекст била определена и темата на Меѓународниот ден на семејствата од 2012 година „Обезбедување рамнотежа на работното семејство“. Постигнувањето рамнотежа помеѓу професионалниот и семејниот живот е од основно значење за динамичните современи семејства и за квалитетна грижа и едукација на децата. Потребна е родова еднаквост во семејствата, како и рамномерна поделба на семејните одговорности и задачи, можност за породилно отсуство како за мајките, така и за татковците, можности за флексибилно работно време и квалитетни центри за грижа и образование на децата. (https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2012/background-note.pdf)

2013: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година темата била "Унапредување на социјалната интеграција и меѓугенерациската солидарност“. Сите развиени општества се соочуваат со глобалниот проблем со стареењето на населението , кој е резултат пред сè на намалениот наталитет, подобрениот животен стандард на луѓето и зголемената должина на животот воопшто. Со распаѓањето на традиционалните проширени семејни, зголемената миграција и мобилност на населението, драстично се променети и меѓугенерациските односи помеѓу бабите и дедовците и нивните деца и внуци. Обединетите нации апелираат за воведување програми за унапредување на социјаната интеграција и посочуваат иницијативи за подобрување на меѓугенерациската солидарност.

(https://www.un.org/esa/socdev/family/docs/IDF2013BACKGROUNDNOTE.pdf)

2014: Меѓународен ден на семејствата

Оваа година се одбележувале 20 години од прогласувањето на Меѓународниот ден на семејството и настаните кои се организирани се во духот на годишнината: подигнување на свеста за важноста на семејствата и креирање политики кои ќе одговорат на предизвиците со кои се соочуваат современите семејствата, но се обработуваат и актуелни социо-економски и демографски трендови што влијаат на семејствата.

2015:Меѓународен ден на семејствата

„Доминантни мажи? Родова еднаквост и детски права во современите семејства“ била темата за 2015 година и отвора многу актуелни прашања кога станува збор за поделбата на улогите во семејствата, машката доминација, семејното насилство и родово базираното насилство. Промената на структурата и улогите во семејствата бара соодветна адаптација на политиките и законите поврзани со семејството, зајакнување на положбата на жените и девојчињата во семејствата, унапредување на правата на децата во рамките на семејните закони и промовирање закони за семејство и развој на

семејна политика за спречување на насилството во семејствата. (https://www.un.org/esa/socdev/family/docs/IDF2015/backgroundnote.pdf)

2016: Меѓународен ден на семејствата

Темата за оваа година била: “Семејства, здрав живот и одржлива иднина”. Под оваа тема се вградуваат главните цели на Агендата за одржлив развој од 2030 година. Тие се фокусираат на ставање крај на сиромаштијата, промовирање на заеднички економски просперитет, социјален развој и благосостојба на луѓето при заштита на животната средина. Се потенцира дека семејствата треба да бидат во центарот на општествениот живот, а тоа е можно само преку обезбедување благосостојба на своите членови, едукација и дружење на децата и младите и грижа за млади и стари.

2017: Меѓународен ден на семејствата

Овогодинешното одбележување на Меѓународниот ден на семејствата било на тема "Семејствата, образованието и благосостојбата" и се фокусира на улогата на семејствата и политиките насочени кон семејството во промовирањето на образованието и целокупната благосостојба на нивните членови. Обединетите нации преку оваа тема порачуваат да се подигне свеста за улогата на семејствата во промовирањето на образованието во раното детство и можностите за доживотно учење за децата и младите.

2018:Меѓународен ден на семејствата

Одбележувањето на Меѓународниот ден на семејствата од 2018 година се фокусира на одржливиот развој во врска со промовирањето на мирни и инклузивни општества за одржлив развој и темата е “Семејствата и инклузивните општества ". Се констатира дека пристапите кон семејните политики за инклузивните општества се разликуваат во целиот свет. Во некои региони, акцентот е ставен на социјалното вклучување на разни видови семејства и / или поединци, како што се иселиничките или домородни семејства, етнички малцинства или семејства со лица со посебни потреби. Во други региони примарен акцент е ставен на социјалната заштита за ранливите семејства за да се олесни нивното целосно вклучување во главните текови на општеството.

2019: Меѓународен ден на семејствата

Одбележувањето на тековната година е во знакот на семејствата и семејните политики поврзани со климатските промени. Главниот фокус е ставен на улогата на семејствата во подигнување на свеста за ублажување на климатските промени, преку вклучување на мерки, стратегии и политики кои би го намалиле негативното влијание на климатските промени во светот. За таа цел потребно е да се подобри пред сè образованието и да се воведе едукација и обуки за одржлив развој и пракса уште во најраните години. Обединетите нации промовираат иновативни начини за справување со климатските промени, но исто така се залагаат за ширење на одржливи семејни земјоделски активности, добри практики на локално и општествено ниво (https://www.un.org/development/desa/family/wp-content/uploads/sites/23/2019/04/idf-2019-backgroundnote.pdf).

**Заклучок**

Обединетите нации, веќе трета деценија посветуваат на одбележување на Меѓународниот ден на семејството и со тоа ја покажуваат важноста на семејствата како основни единици на општеството, меѓутоа и загриженоста во врска со промените кои се случуваат на семејствата низ целиот свет. Меѓународниот ден на семејствата дава можност да се промовира свеста за прашања поврзани со семејствата, како и да се поттикне на соодветна акција. Низ годините наназад, темите за одбележување опфаќаат прашања кои се однесуваат на поширокиот општествен контекст како што е сиромаштијата, образованието, социјална и здравствена заштита, инклузија итн. Меѓутоа, се опфаќаат и внатрешни семејни прашања, како на пример, семејните улоги, меѓугенерациската солидарност, партнерски односи и семејно здравје.

Генерално, може да се забележи дека големо внимание е посветено на промените кои се случуваат во структурите и функционирањето на семејството. Во рамките на посветените теми се потенцира дека семејствата се прилично стеснети, големината на семејствата се намалува, како и на домаќиствата, моделот на семејството се менува, се зголемува бројот на еднородителски семејства, реконструирани семејства, а се почесто паровите се одлучуваат да живеат во заедница надвор од институцијата брак. Карактеристичните функции на семејството се, исто така, изменете. Репродуктивната функција повеќе не е е примарна за склучување брак или основање семејство, како заради опшествено прифатените современите форми на заедничко семејно живење, така и за се поприсутната современа репродуктивно асистирана технологија. Воедно, се намалува бројот на бракови а се зголемува бројот на разводи. Улогите во домот се променети,, мажот се повеќе не е глава на семејството и оној кој го носи целокупниот буџет и одлуките во домот...жената е вклучена на пазарот на трудот и придонесува во домот итн.

Како најголеми предизвици на семејствата денес се наведуваат: Сиромаштијата, нееднаквата позиција, улога на мажите и жените, неможност да се балансира семејниот и професионалниот живот, мигрантските семејства и ХИВ вирусот и СИДА-та како најголеми закани по здравјето. Од спроведената анализа може да се забележи дека не е посветено доволно внимание на семејното насилство, зависностите во семејството, семејството во услови на криза и вонбрачните заедници. Тоа се значајни прашања кои треба да добијат свое место во годините што следат.

Најзначајната порака на Обединетите нации до државите членки е дека треба да инвестираат во различни политики и програми за поддршка на семејствата и дека само на тој начин би се постигнал одржлив развој на општествата. Главниот акцент треба да биде насочен кон сиромаштијата, социјалната заштита, баланс меѓу работата и семејството и улогата на семејствата во инклузивни општества.

Пред се, треба да се следат трендовите кои влијаат на семејствата и соодветно на тоа да се промовираат прашањата кои ги засегаат семејствата. Затоа што, во услови во кои се развива семејството како брзиот технолошки развој, урбанизација, демократизација, социјална оттуѓеност, општествена нееднаквост промените се неизбежни. Меѓутоа, ако семејството го препознаваме како една од најважните институции во општеството и нашиот најцврс столб и најсигурно прибежиште, тогаш, ваквите промени добиваат уште поголемо значење. Затоа е важно, на промените да се гледа како на предизвик, мотив за современите научници, како најдобро да се долови

искуството на семејниот живот, при тоа земајќи ја предвид неговата комплексност и задржувајќи ја неговата континуирана важност.
Владите, невладините организации и образовните институции се клучните актери кои треба да работата на континуирано анализирање на состојбите, детектирање на проблемите и понуда на решенија за сеопфатна семејна поддршка.

Одбележувањето на Меѓународниот ден на семејствата претставува одлична можност да се промовираат нови прашања кои ги засегаат семејствата ширум светот, да се потенцираат проблемите со кои семејствата подолго време се справуваат, но и да се потсетат семејствата за значењето кое што го имаат и придонесот којшто го даваат. Сепак, одбележувањето на еден ден во годината не е доволен да одговори на овие предизвици, затоа се потребни долгорочни акции и програми кои би можеле да работат на пораките посветени на Меѓународниот ден на семејството, меѓутоа во текот на цела година.

**Референци**

Avirovic, I., Radulovic, M. (2016). Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia European Journal for Social Sciences Education and Reseatcj (EJSER), European Center for Science Education and Research
General Assembly Economic and Social Council. (2018). Implementation of the objectives of the International Year of the Family and its follow-up processes. United Nations.
Radulovic, M., Avirovic, I. (2018). The Need for Marital Education in Macedonia. International Journal for Education, Research and Training (IJERT)
Richardson, J. (1995). Achieving Gender Equality in Families: The Role of Males. UNICEF
Smith, J. D. (1999). Volunteering and Social Development. Background Paper for Discussion at an Expert Group Meeting, United Nations.
United Nations Department of Economic and Social Affairs. (2003). Major Trends Affecting Families. United Nations.
World Bank and United Nations Children’s Fund. (2016.)Ending Extreme Poverty: A Focus on Children. United Nations.
Радуловиќ, М. (2014). Традицијата во Европските семејства. Култура
https://www.un.org/en/about-un/
https://www.un.org/en/events/familyday/background.shtml
https://www.un.org/development/desa/family/international-day-of-families/international-day-of-families-1998.html
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2000/SG2000ENG.PDF
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2002/15may02.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2008/BackgroundNote2008.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2009/sgmessage09eng.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2010/backgroundnote.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2011/OrtizPovertyFamilies.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/idf/2012/background-note.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/docs/IDF2013BACKGROUNDNOTE.pdf
https://www.un.org/esa/socdev/family/docs/IDF2015/backgroundnote.pdf
https://www.un.org/development/desa/family/wp-content/uploads/sites/23/2019/04/idf-2019-backgroundnote.pdf).